РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-253/7
17. 01. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ, на својата 13. седница одржана на 30.10.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација (воведување) на студиска програма по "Безбедност на храна" на прв циклус тригодишни универзитетски студии на Факултет за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" – Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **на прв циклус универзитетски студии по "Безбедност на храна" на Факултет за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" - Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за прв циклус универзитетски студии по "Безбедност на храна" на Факултет за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" – Скопје, во траење од три години ( шест семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран инженер по безбедност на храна,** во научно-истражувачко подрачје 221. – Технологија на пренхранбени производи, Област 22108 – Друго, Подрачје 414 – Прехранбена технологија, Област: 41400 – Прехранбено инженерство, Подрачје:506 – Организациони науки и управување (менаџмент) Област: 50624 – Друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Факултетот за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" – Скопје, по претходно донесена одлука на Наставно - научниот совет на факултетот за организирање студиската програма "Безбедност на храна", а врз основа на Одлука за усвојување на студиската програма од страна на Ректорската управа на универзитетот, достави предлог до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ бр.15-253/1 од 21.06.2012 година за воведување на таа студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ, на својата 11 седница одржана на 21.06.2012 година формира експертска комисија за оценка на предлогот на предлагачот, а врз основа доставениот извештај на експертската комисија, на својата 13 седница одржана на 30.10.2012 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**